АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1371 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 12 февруари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 март 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни на корисниците);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 31.12.2015 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (информации достапни на корисниците), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-1249, од 31.12.2015 година) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (11.1.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, емитуван на 12 февруари 2016 година, на регионално ниво, во Скопје, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***